EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ДОКУМЕНТ СО ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИКИ

ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ

Посигурна иднина: Зајакнување на превенцијата од родово базирано насилство преку професионална обука во Северна Македонија

Улога

Здравствените работници играат клучна улога како први даватели на одговор при родово базирано насилство (РБН), бидејќи тие често се првата точка на контакт за жртвите кои бараат помош. Тие се одговорни за препознавање знаци на насилство, обезбедување итна медицинска нега, зачувување на доверливоста и обезбедување поддржувачка средина за откривање на искуствата на жртвите. За ефективно исполнување на оваа улога, здравствените професионалци мора да добијат специјализирана обука за препознавање на РБН, примена на пристап базиран на траума и фокус на жртвата, како и за разбирање на нивните законски обврски за пријавување на инциденти. Во Северна Македонија, согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (ЗСЗНВЖСН), здравствените работници се законски обврзани да пријават секој случај на РБН до полиција или Центар за социјална работа и да постапуваат итно во интерес на жртвата. Тие се задолжени и за документирање на физичките и психолошките повреди, информирање на жртвите за нивните права и достапните услуги за поддршка, како и обезбедување на медицински услуги без надомест во рамки на програми одобрени од Министерството за здравство.

Покрај општата медицинска нега, во Северна Македонија се воспоставени и специјализирани услуги за жртви на сексуално насилство преку Центри за упатување на жртви на сексуално насилство, лоцирани во Скопје, Тетово и Куманово. Овие центри обезбедуваат услуги како идентификација, проценка, медицински преглед, психолошка поддршка, кризна интервенција и упатување на понатамошна помош, во согласност со стандардните оперативни процедури утврдени од Министерството за здравство. Иако овие центри беа формирани со поддршка од агенции на ООН, во моментов не се формално интегрирани во институционалната структура на болниците и не се опфатени со официјалната систематизација на работните места. Како резултат, нивното продолжено функционирање целосно зависи од личната посветеност и доброволна ангажираност на вработените професионалци, што претставува ризик за одржливоста и институционализацијата на овие витални услуги.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Вовед и контекст


Родово базираното насилство (РБН), вклучувајќи го насилството врз жени (НВЖ) и семејното насилство (СН), претставува сериозен и траен општествен проблем во Северна Македонија, длабоко вкоренет во патријархалните норми, нееднаквите односи на моќ и родовите стереотипи. И покрај постојното законодавство и усогласувањето со Истанбулската конвенција, предизвици остануваат во имплементацијата на законите, недоволната институционална координација и ограничените капацитети за превенција и заштита.

РБН и понатаму е широко распространето во Северна Македонија. Речиси половина од жените (45%) имаат доживеано некој облик на насилство од интимен партнер – било физичко, сексуално или психолошко – по 15-годишна возраст. (ОБСЕ, 2019)

- Внатрешни податоци собрани од 30-те Центри за социјална работа од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) покажуваат континуиран пораст на пријавени случаи на РБН и СН во периодот од 2022 до 2024 година.
- Психолошкото насилство останува најчесто пријавуваниот облик, зголемувајќи се од 1.051 случаи во 2022 на 1.492 во 2024 година.
- Физичкото насилство исто така бележи постојан пораст, со 846 пријавени случаи во 2022 година, 944 случаи во 2023 година и достигнувајќи 951 случај во 2024 година.
- Иако поретко пријавувано, економското насилство е во пораст – од 25 случаи во 2022 на 36 во 2024 година.
- Според податоците од МВР, случаите на силување се зголемиле од 18 во 2022 на 33 во 2023 година и 31 во 2024.
- Случаите на телесна повреда и понатаму доминираат во контекстот на семејното насилство, со повеќе од 650 кривични дела регистрирани секоја година.
- Бројот на фемициди — кој се движи од 3 до 7 годишно — е загрижувачки, особено во контекст на земја со население од само 1,8 милиони жители.

Истражувањето спроведено од ОБСЕ (2019) покажа дека **само 2%** од жените во Северна Македонија кои доживеале родово базирано насилство го пријавиле на полицијата инцидентот што тие го сметаат за најсериозен

Истражувањето за родово базирано насилство на ЕУ (2024), кое ги опфаќа сите 27 земји членки, покажува дека 21% од жените кои доживеале физичко насилство, закани и/или сексуално насилство во некој период од животот побарале поддршка од здравствена или социјална служба додека 14% од нив го пријавиле инцидентот во полиција.



Обем на истражувањето

Истражувањето имаше за цел да одговори на следното главно прашање: „*Како може да се унапреди превенцијата на родово базираното насилство во Северна Македонија преку обука на професионалци/први одговорни лица?*“ Истражувањето користи комбиниран методолошки пристап кој вклучува преглед и анализа на релевантна литература и законски документи, како и квалитативни податоци собрани преку интервјуа и онлајн прашалници со професионалци и први одговорни лица. Истражувањето беше спроведено во периодот ноември 2024 – април 2025 година. Собраните податоци се фокусираат на превентивните мерки, конкретно обуките за професионалци и првите одговорни лица, кои беа реализирани од јануари 2021 до декември 2024 година.

ОПФАТ - Анализата ги опфаќа одговорите на 14 здравствени работници (12 жени и 2 мажи) од девет општини во Северна Македонија, при што учествувале професионалци со различни улоги, вклучувајќи општи лекари, гинеколози, медицински сестри, социјален работник и раководител на одделение.. Дополнително, интервјуа беа спроведени со претставнички/ци од граѓанските и интернационалните организации, две претставнички од Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари (МАГО) како и со по една претставничка од Министерството за здравство и Центарот за упатување на жртви на сексуално насилство-Скопје

Клучни Наоди -Здравствени работници

Меѓу 2021 и 2024 година, беше спроведена серија целни обуки за јакнење на капацитетите на здравствените професионалци во Северна Македонија за реагирање на родово базирано насилство (РБН) и сексуално насилство. Овие обуки имале за цел да ја подобрат раната идентификација, интервенција и меѓусекторска соработка.

Клучни теми опфатени:

- Основи на РБН и сексуално насилство: дефиниции, манифестации, последици.
- Правни и институционални рамки, вклучително и Истанбулската конвенција.
- Пристапи фокусирани на жртвата и одговори базирани на траума.
- Родова еднаквост и справување со лични/професионални предрасуди.
- Мултидисциплинарна координација меѓу здравствените установи, полицијата и социјалните служби.
- Препознавање и реагирање на РБН кај лица со попреченост.
- Задоволување на потребите на трансродови и родово-различни лица.
- Клиничко управување со жртви на силување, со акцент на согласност и психосоцијална поддршка.

Идентификувани јазови и ограничувања:

- Обуките се непостојани и недостасува институционален континуитет и стандардизација.
- Недоволно е следење и практична примена на научените концепти во секојдневните клинички услови
- Не постои формализирана, национална програма за обука или задолжителни модули.
- Прекинот на формалното постоење на Центрите за упатување на жртви на сексуално насилство укажува на институционален регрес. Овие центри моментално немаат законски статус, назначен персонал и структурна поддршка, при што одговорноста за реакција паѓа на поединечни професионалци.
- Координацијата помеѓу секторите (здравство, правда, социјални служби) е недоволна и во голема мера зависи од ад-хок иницијативи.

И покрај клучната улога што ја имаат здравствените професионалци во препознавањето и поддршката на жртвите на родово базирано и семејно насилство, само 4 од 14 испитани здравствени работници пријавиле дека учествувале во било каква обука поврзана со РБН во периодот од 2021 до 2024 година. Повеќето професионалци навеле дека не добиле адекватна или доволна обука, а малкумина биле целосно запознаени со националната легислатива или со Истанбулската конвенција. Ова укажува на значајни јазови во правната писменост, подготвеноста и институционалната поддршка во случаи на РБН во здравствениот сектор. Повеќето здравствени работници пријавиле отсуство на јасни институционални протоколи за постапување при случаи на РБН, или не биле сигурни дали такви протоколи воопшто постојат. Дополнително, многу професионалци не ги препознаваат целосно своите законски обврски за пријавување или обезбедување медицинска помош при случаи на сомнеж за насилство. Овој недостаток на јасност и одговорност, заедно со недостапноста на обуки базирани на разбирање на траумата и интерсекционалноста, го ослабува капацитетот на здравствениот сектор да обезбеди навремена, координирана и грижа фокусирана на потребите на жртвата.

Јазови помеѓу правната рамка и практичната имплементација

Јазовите помеѓу правната рамка и практичната имплементација во здравствениот сектор се значајни и влијаат врз квалитетот на поддршката за жртвите на РБН, вклучувајќи НВЖ и СН. Министерството за здравство, според член 19 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, е задолжено да развива и спроведува обуки за здравствените работници со цел подобрување на нивниот капацитет за препознавање, грижа и поддршка на жртвите. Сепак, во практиката обуките се нееднакви, непостојани и без систематска институционална поддршка, што доведува до недоволна подготовка на здравствениот персонал. Иако член 20 од Истанбулската конвенција нагласува потреба од обезбедување соодветни ресурси и континуирани обуки за здравствените работници како прва точка на контакт, во реалноста се забележуваат недостатоци во координацијата, неприсуство на јасни интерни протоколи и слабости во институционалната интеграција на специјализираните услуги, што ја отежнува ефикасната и чувствителна грижа за жртвите. Дополнително, статусот на Центрите за упатување на жртви на сексуално насилство и вработените во истите, дополнително ја отежнува кохерентната и ефективна примена на правните одредби. Овие јазови го намалуваат капацитетот на здравствениот сектор да одговори на комплексните потреби на жртвите и бараат итно зајакнување на обуките, стандарди и меѓусекторска соработка.

Препораки за здравствените работници давателите на прв одговор на РБН

Јакнење на правната писменост и институционална отчетност

- Развивање задолжителна обука за ЗСЗНВЖСН и обврските според Истанбулската конвенција, прилагодена на здравствениот контекст, како и обврските според меѓународното право за човекови права.
- Јасно дефинирање на законската обврска на здравствените работници да пријавуваат потврдени и сомнителни случаи на РБН, насилство врз жени и семејно насилство.
- Обезбедување јасни институционални механизми за отчетност, за професионалците да разберат кога, како и кому треба да пријават сомнително насилство.

Развивање и имплементација на интерни протоколи

- Воспоставување и дистрибуирање на интерни протоколи за постапување со жртвите на РБН, осигурувајќи усогласеност со националните насоки.
- Интегрирање на пристапи фокусирани на жртвата и базирани на траума во сите здравствени протоколи, вклучувајќи итна, гинеколошка и општа здравствена нега.

Развивање и спроведување на сеопфатни и континуирани програми за обука

- Воведување тековни, улого-специфични обуки за РБН што опфаќаат рана идентификација, психосоцијална поддршка, доверливост и механизми за упатување.
- Промовирање на учење од врсници преку редовни дискусии на случаи, евалуации и платформи за споделување знаења меѓу институциите.
- Вклучување напредни модули за работа со жени, деца, лица со попреченост, ЛГБТИК+ лица и други ранливи групи.
- Адресирање на општи погрешни сфаќања за сторителите и жртвите преку модули што ги предизвикуваат предрасудите и ја зголемуваат сензитивноста.
- Јакнење на обуката за здравствените професионалци за точна документација на повредите со цел медицинските записи да можат ефективно да се користат како правен доказ во суд.

Развивање и спроведување специјализирана обука за идентификација и менаџмент на сторители на РБН

- Обезбедување специјализирана обука за идентификување, менаџирање и упатување на сторители на РБН — особено во случаи со повторени повреди, контролирачко насилство или ментални здравствени состојби.
- Воведување специјализирани модули за различни категории сторители, вклучувајќи: лица со ментални болести или психијатриски нарушувања, лица со историја на злоупотреба на алкохол или дрога, лица со неразрешена психолошка траума или изложеност на насилство, лица кои вршат контролирачко и принудно однесување, манипулираат или одбиваат одговорност.

Промовирање мултисекторска координација и управување со случаи

- Олеснување на заеднички обуки со професионалци од социјалните служби, полицијата и образованието за градење меѓусекторска соработка и упатни патеки.
- Назначување фокални точки во здравствените институции одговорни за координација со други сектори и управување со случаи на РБН.
- Јакнење на координацијата со форензички служби за поефикасно реагирање во случаи на сексуално насилство.

ЗА ПРИСТАП ДО ЦЕЛОТО ИСТРАЖУВАЊЕ "ПОСИГУРНА ИДНИНА: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ОД РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО ПРЕКУ ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" СКЕНИРАЈТЕ ГО QR КОДОТ!

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.